21/22.02.2004



### ИСКРА ДИМИТРОВА ИЗЛОЖУВА ВО ЈАПОНИЈА

# Уметност што ја враќа поетичноста

■ Во Музејот на современа уметност во Јокохама, во тек е самостојната изложба „Детски комитет" на македонската уметничка Искра Димитрова



Искра Димитрова

„Детски комитет" е инсталација во целосна темнина. Кога посетителот влегува во мракот, забележува десетици деликатни светла кои висат на најразлични нивоа низ просторот. Ако се осмели да навлезе во просторот, забележува нови и нови софистицирани светла (т.н. лед диоди), кои се појавуваат низ бескрајниот простор. Претставата за димензија на просторот целосно се губи, посетителот се чувствува како да лебди, понекогаш целосно губи ориентација и не знае од кој правец влегол. Стравот од непознатото се надминува со нежните детски гласчиња, кои треперат од сите страни, раскажувајќи за своите секојдневни активности и за светот во кој живеат.

За реализација на делото се снимени околу 30 интервјуа со деца во студио во Јапонија.

Во основа, проектот се темели на зен-будистичкиот идеал на состојба слична на онаа на детето, каде што на секојдневните активности и предмети им се пристапува со онаа радост, свежина и ентузијазам, својствени на децата. Во „Детски комитет", како и во претходниот проект „Урбан пејзаж" изведен лани во Јапонија, Димитрова се оддалечува од „негативната иконографија", карактеристична за нејзините претходни дела. Повеќе не ја интересираат претставите на очај, критичност, сурова реалност, политика, иронија и на сарказам, толку карактеристични за општеството во кое живееме.

- Идејата е да се создадат оптимизам и свежина и на уметноста да ѝ се врати поранешната функција да го прави животот на луѓето поетичен – вели авторката.

Димитрова во Музејот во Јокохама одржа и мултимедијална презентација/предавање за своето досегашно творештво низ компаративна анализа на т.н. „западна" и јапонска перспектива.

Проектот „Детски комитет", што ќе трае до крајот на февруари, е реализиран со поддршка на неколку јапонски фондации и на Министерството за култура на Македонија. ❑

**По учеството на изложбата „Зрачења" во Токио 2000 година, Димитрова доби неколку понуди за соработка, па учествуваше на Интернационалниот фестивал во Тачикава, Токио 2002, имаше самостојна изложба во галеријата „Јукобо" во Токио и учествуваше на групна изложба во Центарот за современи уметности во Аомори минатата година. Ова е нејзино петто претставување пред јапонската публика, а на отворањето на изложбата, што наиде на одличен прием, присуствувал и почесниот конзул на Македонија, господинот Момијама.**